РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК – KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 12-1956/5
26-10-2020 г./v.

Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на член 22 и 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр.12/19) и член 40 став 1 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од непознат подносител, на продолжението на 39-тата седница одржано на 19.10.2020 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

**СЕ ЗАПИРА** постапката поведена по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, на ден 21.11.2019 година до Државната комисија за спречување на корупцијата, заведен под број на предмет 12-5309/1 од 21.11.2019 година, во која се укажува на сомневање за неправилности сторени од страна на ----------------------------------------------------, односно во прилог е доставена кривична пријава која е поднесена до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Кривичната пријава е поднесена против директорот на ------------------------------------------------------------ и против претседателот и членовите на Комисија за приемен испит за Огласот 2019/20 година.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот поради тоа што не се потврдени наводите од пријавата.

Предметот со број 12-5309/1 од 21.11.2019 година да се затвори и да се архивира.

Одлуката на ДКСК, со образложението, во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

### Образложение

Предметот со број 12-5309/1 од 21.11.2019 година е оформен врз основа на добиена пријава од непознат подносител.

Во пријавата се укажува на сомневање за неправилности сторени од страна на ---------------------------------------------, односно во прилог е доставена кривична пријава која е поднесена до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција. Кривичната пријава е поднесена против директорот на ------------------------------------------------------------- и против претседателот и членовите на Комисија за приемен испит за Огласот 2019/20 година за извршено кривично дело - Злосторничко здружување од член 394 од кривичниот законик и кривично дело – Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 од Кривичниот законик.

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Согласно наводите од пријавата, прашањата кои биле дадени на квалификацискиот тест (дел од примениот испит) не биле согласно член 13 од Правилникот за полагање приемен испит, односно во различни тестови имало различен сооднос на прашањата од предвидените правни области, за што биле поднесени и бројни приговори од кандидатите. Исто така, се наведува дека е направена повреда на член 21 став 5 од Правилникот за полагање приемен испит каде е наведено дека „оценките од тестовите се објавуваат на огласната табла и на интернет-страницата на ------------------", а ---------------- воопшто не ги објавила резултатите. Воедно, при полагање на студиите на случај на кандидатите им биле давани шифри заради обезбедување анонимност, но при влечењето на шифрите, член на Комисијата за спроведување на приемниот испит ја запишувал шифрата до името на кандидатот на посебен список, со што била нарушена анонимноста

Државната комисија за спречување на корупцијата оформи предмет по оваа пријава и заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара информација од Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција дали постапувало по кривична пријава со наводи како што е горенаведено, како и за одлуката донесена по истата.

По барањето на Државната комисија доставен е одговор од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција со кое известува дека постапувало по предметната кривична пријава и по проучување на наводите од пријавата нашло дека не постојат основи на сомневање за сторено кривично дело од таксативно наброените во член 31 од Законот за јавно обвинителство, за кои ова обвинителство е стварно надлежно да постапува, ниту пак произлегло дека се работи за кривично дело извршено од организирана група, за што ова овбинителство донело одлука – Резолуција дека нема место за јавнообвинителска интервенција во поглед на поднесената анонимна кривична пријава бидејќи не произлегло основано сомнение за сторено кривично дело ниту друго дело кое се гони по службена должност од ова обвинителство. Како анонимниот пријавител во конкретниот случај пријавил направена штета на кандидатите со извршување на кривичното дело Злоупотреба на службена положба и овластување по член 353 од КЗ, која заштита од ваков вид на инкриминирани дејствија е содржана во основниот став 1 од оваа одредба, кривичната пријава е доставена на надлежно постапување до Основното јавно обвинителство Скопје.

Имајќи го предвид горенаведеното, заради проверка на наводите и целосно утврдување на фактичката состојба по истиот побара информација од Основното јавно обвинителство Скопје за постапувањето по предметната кривична пријава и за одлуката донесена по истата.

Од страна на Основното јавно обвинителство Скопје доставен е одговор со кој ова обивинтелство известува дека по добивањето на кривичната пријава од страна на Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција донесена е одлука – Резолуција бидејќи од наводите во пријавата произлегло дека во конкретниот случај се работи за дејствија преземени од страна на овластени лица во рамките на управна постапка во кои не може да се бара инкриминација имајќи предвид дека постапките во рамки на органите на државната управа се водат согласно Законот за општата управна постапка, а во овие постапки заради обезбедување судска заштита на правата и правните интереси на физичките и правните лица и заради обезбедување на законитоста во постапување согласно Законот за

управните спорови предвидено е Управниот суд во управни спорови да одлучува за законитоста на актите и дејствијата во постапката

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, Државната комисија за спречување на корупцијата оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по предметот согласно членот 17 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, поради тоа што наводите од пријавата не се потврдени.

Имајќи го предвид погоре наведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата, врз основа на членот 22 и 23 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

По заклучок на седница на ДКСК:
Изработил: Б.К.Ш, Советник
Одобрил: Ш.С, Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател**
**Софка Пејовска Дојчиновска**